Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на ДУП за дел од блок 13, Општина Струмица**,** со површина од 14,871м$^2$. кој граничи:

- од источната страна со осовина на ул„Младинка";
- од северната страна со осовина на ул„Крушевска Република";
- од западната страна џеб на ул „Браќа Минкови";
- од јужната страна со осовина на ул„Браќа Минкови"

Одлуките за организирање на јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавната анкета ќе трае од 27.07.2020 год. до 10.08.2020 год.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34, на ден 30.07.2020 година во 12:00 часот.

Заинтересираните граѓани и правни лица, своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Бр.03-4127/4
21.07.2020 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски